**Врз основа на Одлуката на Народна банка на Република Македонија за објавување извештаи и податоци од страна на банката (Сл. Весник на РМ, бр.134/2007), НЛБ Банка АД Скопје објавува:**

# ИЗВЕШТАЈ И ПОДАТОЦИ НА ДЕН 31.12.2023 ГОДИНА

(објавени на 15.5.2024 година)

**СОДРЖИНА:**


**1. Податоци за Банката**
**1.1. Податоци за банкарска група**
**2. Податоци за акционерската структура на Банката- акционери со квалификувано учество**
**3. Податоци за сопствените средства и за адекватноста на капиталот на Банката**
**4. Податоци за процесот на управување со ризиците**


| **1. ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАТА** | |
|---|---|
| **Назив** | НЛБ Банка АД Скопје |
| **Матичен број** | 4664531 |
| **Седиште** | Ул. Водњанска бр.1,<br>1000 Скопје, општина Центар,<br>п.фах. 702 |
| **Организациска структура** | **Собрание**<br>**Надзорен одбор**<br>**Одбор за управување со ризици**<br>**Одбор за ревизија**<br>**Надзорен одбор врз Информативниот систем**<br>**Кредитен одбор**<br><br>**Управен одбор**<br>Претседател на Управен одбор<br>Член на Управен одбор<br>Член на Управен одбор<br>Член на Управен одбор<br><br>**Одбор за развој (ОР)**<br>**Одбор за управување на средства и обврски (ОУСО)**<br><br>**Сектор за внатрешна ревизија**<br><br>**Центар за групациски функции**<br><br>**Центар за усогласување со прописите и интегритет**<br><br>**Сектор за правни работи и секретаријат**<br>Служба за правен консалтинг<br>Секретаријат<br><br>**Сектор за човечки ресурси и организација**<br>Служба за управување со човечки ресурси<br>Служба за организација и управување со деловни процеси<br><br>**Сектор за финансиско управување**<br>Служба за финансиска оператива |

| | |
|---|---|
| | Служба за стратешко планирање и финансиски контролинг<br>Служба за финансиско сметководство и финансиско известување<br><br>**Деловен сектор за финансиски пазари и средства**<br>Служба за управување со билансите на Банката<br>Служба за старателство<br>Служба за тргување со средства и изведени финансиски инструменти<br>Служба за услуги со хартии од вредност<br>Служба за управување на односите со финансиските институции и меѓународно финансирање<br><br>**Сектор за работа со готовина и депо**<br>Служба за трезорско работење, работа со готовина и депо<br>Служба за обезбедување и транспорт на готовина<br>Служба за банкоматско работење<br><br>**Сектор за реструктуирање и управување со проблематични пласмани**<br>Служба за управување со проблематични пласмани и преземен имот<br>Служба за присилна наплата<br>Служба за реструктуирање и рана наплата<br><br>**Сектор за ризици, евалуација и контрола**<br>Служба за управување со ризици<br>Служба за евалуација и контрола<br><br>**Сектор за кредитни ризици**<br>Служба за кредитни ризици за големи и средни претпријатија<br>Служба за кредитни ризици за мали и микро претпријатија и физички лица<br><br>**Сектор за поддршка на продажба на корпоративни клиенти**<br>Служба за поддршка на продажба<br>Служба за документарно работење<br><br>**Сектор за развој на понуда и маркетинг**<br>Служба за развој на продукти, услуги и канали на продажба<br>Служба за продажба по останати канали<br>Служба за стратешки маркетинг, односи со клиенти и комуникации<br><br>**Деловен сектор за управување со продажна мрежа**<br>Служба за поддршка на продажба на физички лица<br>Експозитури<br>Контакт центар<br><br>**Деловен сектор за работа со корпоративни клиенти**<br>Служба за големи претпријатија<br>Служба за мали и средни претпријатија<br><br>Служба за микро претпријатија<br><br>**Сектор за логистика на продажба**<br>Служба за логистика на работењето со физички лица<br>Служба за логистика на работењето со правни лица<br>Служба за логистика на работењето со финансиски институции и средства на Банката<br><br>**Сектор за информатичка технологија**<br>Служба за одржување и управување со информатичката инфраструктура<br>Служба за поддршка и развој на постојни технологии<br>Служба за развој на нови технологии и бизнис анализа<br>Служба за управување со податоци<br>Служба за безбедност на информатичката технологија |

<table>
<tr><td></td><td>Сектор за платни системи<br>Служба за управување и поддршка на самоуслужни продукти<br>Служба за администрација и дистрибуција<br>Служба за платен промет со странство<br>Служба за платен промет во земјата<br><br>Сектор за логистика на Банката</td></tr>
<tr><td>Број на вработени на 31.12.2023</td><td>954</td></tr>
<tr><td>Преглед на финансиски активности кои може да ги врши согласно со дозволата за основање и работење издадена од Гувернерот на НБРСМ</td><td>• Прибирање депозити и други повратни извори на средства;<br>• Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции<br>• Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг ифинансирање на комерцијални трансакции<br>• Издавање и администрирање платежни средства(парични картички,чекови, патни чекови, меници);<br>• Финансиски лизинг;<br>• Менувачки работи;<br>• Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>• Издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;<br>• Изнајмување сефови, остава и депо;<br>• Тргување со инструменти на пазарот на пари(меници, чекови, сертификати за депозит);<br>• Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;<br>• Тргување со хартии од вредност;<br>• Тргување со финансиски деривати;<br>• Давање услуги набанка-чувар на имот;<br>• Посредување во продажба на полиси за осигурување;<br>• Посредување во склучување договори за кредити и заеми;<br>• Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;<br>• Економско-финансиски консалтинг;</td></tr>
<tr><td>Преглед на финансиски активности кои во моментот ги врши</td><td>• Прибирање депозити и други повратни извори на средства;<br>• Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;<br>• Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;<br>• Издавање и администрирање платежни средства(парични картички,чекови, патни чекови, меници);<br>• Менувачки работи;<br>• Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>• Издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;<br>• Изнајмување сефови, остава и депо;<br>• Тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);<br>• Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;<br>• Тргување со хартии од вредност;<br>• Тргување со финансиски деривати;<br>• Давање услуги на банка-чувар на имот;<br>• Посредување во продажба на полиси за осигурување;<br>• Посредување во склучување договори за кредити и заеми;<br>• Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;<br>• Економско-финансиски консалтинг.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **Преглед на финансиски активности за кои од страна на Гувернерот на НБРСМ е изречена забрана или ограничување за нивно вршење, односно е повлечена согласноста** | НЕМА |

| **1.1. ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАРСКА ГРУПА** | |
|---|---|
| **Назив, седиште и претежна дејност на матичното лице, како и на секој член на банкарската група** | Податоци за членки на НЛБ Групацијата<br><br>http://www.nlbskupina.si/nlb-group |
| **Организациска структура на банкарската група** | Организациона шема на НЛБ Групацијата<br><br>http://www.nlbskupina.si/nlb-group-companies |
| **Учество на Банката во вкупниот број на акции и во акциите со право на глас во секој член на банкарската група** | / |

| **2. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИОНЕРСКАТА СТРУКТУРА НА БАНКАТА- АКЦИОНЕРИ СО КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО** | |
|---|---|
| **Назив на акционерот, седиште, правна форма, претежна дејност и процент на учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со** | **1. NOVA LJUBLJANSKA BANKA DD LJUBLJANA**<br>Trg republike 2<br>1520 Ljubljana, Slovenia<br>Акционерско друштво<br>Банкарство<br><br>Процент на учество во вкупен број акции на Банката: 86,97%<br>Процент на учество во вкупен број акции на со право на глас во Банката: 86,97% |

| | |
|---|---|
| **право на глас во банката, со состојба 31.12.2023** | |
| **Вкупен број акционери кои немаат квалификувано учество во банката и нивно вкупно учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во банката, со состојба 31.12.2023** | Број на акционери кои немаат квалификувано учество во Банката<br>**1121**<br><br>Учество во вкупниот број акции издадени од Банката<br>**13,03%**<br><br>Учество во вкупниот број акции со право на глас издадени од Банката<br>**111.257 акции (**од кои 796 акции на дадениот датум немаат право на глас)<br><br>Учество во вкупниот број акции со право на глас издадени од Банката<br>**13,03%** |
| **3. ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА И ЗА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ НА БАНКАТА** | |
| **Износот на почетниот капитал кој е запишан во Централниот регистар** | 854.061.000,00 МКД |
| **Бројот на акциите од секој род и класа, како и номиналниот износ на акциите** | Обични акции 854.061<br>Номинална вредност на акција 1.000,00 МКД |
| **Опис на карактеристиките на основните компоненти на сопствени средства** | Одлука за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (nbrm.mk)<br><br>Одлука за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (пречистен текст со 167.20 ).pdf (nbrm.mk)l |
| **Износот и компонентите на основниот капитал, утврден согласно со Одлуката за Методологијата за утврдување** | Сопствените средства на Банката во износ од 16.553.816 илјади МКД  се составени од:<br>- основен капитал на Банката што изнесува 14.466.318 илјади МКД и<br>- дополнителен капитал на Банката што изнесува 2.087.498 - илјади МКД.<br><br>Основниот капитал на Банката се состои од:<br>• Редовен основен капитал во износ од -14.466.318  илјади МКД, кој се состои од:<br>- Капитални инструменти во износ од 854.136 илјади МКД;<br>- Премија од капиталните инструменти во износ 2.274.484 илјади МКД<br>- Задолжителна општа резерва (општ резервен фонд) во износ од 8.705.956 илјади МКД |

| | |
|---|---|
| **на адекватноста на капиталот** | - Задржана нераспоредена добивка во износ од -2.650.308 илјади МКД<br>- Кумулативна сеопфатна добивка од -8.394 МКД<br>• Одбитни ставки во износ од 26.960 илјади МКД. |
| **Износот и компонентите на дополнителниот капитал, како и нивниот износ кој, согласно со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, може да биде дел од сопствените средства на банката** | Дополнителниот капитал на Банката изнесува 2.087.498 илјади МКД и се состои од:<br>-субординирани инструменти во износ од 2.087.498 илјади МКД.<br><br>Вкупните обврски на Банката по основ на субординираните инструменти , според сметководствена евиденција на Банката, изнесуваат 2.090.830 илјади МКД. |
| **Видот на одбитните ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал и нивниот износ** | Одбитни ставки од основниот капитал се однесуваат на нематеријални средства во висина од 26.960 илјади МКД. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик, утврден согласно Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, прикажан одделно за билансните и вонбилансните ставки** | Вкупниот капитал потребен за покривање на кредитниот ризик изнесува 6.265.582 илјади МКД.<br><br>Капитал потребен за покривање на кредитниот ризик за билансните ставки 5.815.488 илјади МКД.<br><br>Капитал потребен за покривање на кредитниот ризик за вонбилансните ставки 450.094 илјади МКД. |

| | |
|---|---|
| **Висината на капиталот потребен за покривање на валутниот ризик утврден согласно Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот** | Капиталот потребен за покривање на валутниот ризик изнесува 57.587 илјади МКД |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на пазарниот ризик, утврден согласно Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, при што одделно се прикажува износот на капиталот потребен за покривање на генералниот и специфичниот ризик од вложувања во сопственички хартии од вредност и вложувања во должнички инструменти од портфолиото за тргување и износот на капиталот потребен за покривање на ризикот од порамнување/испорака и** | Капиталот потребен за покривање на ризикот од другата договорна страна изнесува 3.332 илјади МКД<br><br>- |

| | |
|---|---|
| **ризикот од другата договорна страна** | |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на ризикот од промена на цената на стоките** | - |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на надминувањето на лимитите на изложеност** | - |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик** | Капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик изнесува 683.931 иљјади МКД. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање други ризици, доколку банката по сопствена оценка утврдила дополнителен износ на капитал потребен за покривање на тие ризици, или доколку Народната банка утврдила дополнителе** | - |

| | |
|---|---|
| **н износ на потребен капитал, заради природата, видот и обемот на активностите коишто ги извршува банката и ризиците на кои е изложена како резултат на тие активности** | |
| **Вкупен износ на сопствени средства и висина на адекватноста на капиталот со состојба 31.12.2023** | Сопствени средства 16.553.816 иљјади МКД.<br><br>Адекватност на капиталот 18.89 %. |
| Просечна стапка на задолженост за II полугодие од 2023 година | 11.56% |
| **4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ** | |
| **Стратегии и процеси на управување со секој поединечен ризик**<br><br>**Структура и организација на функцијата на управување со ризици**<br><br>**Структура на системот за мерење на ризикот и системот за внатрешно известување** | Деловната стратегија на НЛБ Банка АД Скопје е фокусирана на задржување широка и разновидна клиентска база со фокус на сегментите микро, мали и средни претпријатија и физички лица, обезбедувајќи богата и навремена понуда на продукти на пазарот и беспрекорна услуга преку ефикасни процеси, автоматизација, продажба преку разни продажни канали и одлични перформанси на вработените, оттука достигнувајќи разновидни и стабилни приходи и поголема трошковна ефикасност, која обезбедува поголема профитабилност и органски можности за раст.<br>Клучен фактор за успех на стратегијата е целосно прифаќање на новата организациска култура, обнова на вредностите и поголема ангажираност на сите засегнати страни во процесот на постојани промени кон нови можности.<br>Клучни активности за 2023 за НЛБ Банка АД Скопје: Раст на работењето во обем кај кредитите, депозитите и платежните услуги, Одржување/мало покачување на пзарното учество во retail и corporate со фокус на високо профитни сегменти, Фокус на високо-приносно банкарството на мало - retail (физички лица, мали и средни претпријатија и микро бизниси), Таргетирање на нови клиенти и активирање на неактивните клиенти, Воведување на повеќе некаматни приходни услуги, Подобрување на дигиталните канали и обезбедување уникатно искуство за клиентите преку сите точки на контакт со нив, Оптимизација на процесите и нивно прилагодување од аспект на поголема трошочна ефикасност, Унапредување и развој на информативниот систем, Унапредување на успешноста на продажната сила, Негување на отворени, сигурни и долгорочни односи со вработените, клиентите и сите засегнати страни, Добро корпоративно управување и подобрување на организацијата на работа и сето тоа е спроведено со одржување на солвентноста и обезбедување адекватно ниво на капитал спрема ризиците на кои Банката е изложена; Банката сето тоа го спроведе и применувајќи конзервативна политика во поглед на антиципирањето на ризиците, преку функционирање на ефикасен систем на интегрирано |

| | |
|---|---|
| **Политики за заштита и намалување на ризикот, како и процедурите за следење на ефикасноста на извршувањето на овие политики** | управување со ризиците и обезбедување резервен фонд кој соодветно може да ги покрие евентуалните загуби.<br>Во согласност со Стратегијата за управување со ризик, Банката планира прудентно да презема ризици и да обезбеди долгорочно оптимално профитабилно работење (земајќи ги предвид преземените ризици), со истовремено исполнување на целите кои се однесуваат на ризичниот апетит и други барања дефинирани во рамката за управување со ризици на Банката (како Профил на ризичност, ICAAP, ILAAP, Стратегија за управување со капиталот, процес на буџетирање, план за опоравување).<br>Врз основа на насоките дефинирани во Деловната стратегија и Апетитот за ризик, Стратегијата за управување со ризик детално ги дефинира начелата за преземање на ризици од аспект на видот на ризикот (и поврзаните сегменти или видови на работење) што Банката е подготвена да го преземе и од аспект на оние ризици што не се прифатливи/се прифатливи само во многу ограничен обем.<br>• .<br><br>Стратегијата за управување со ризик е поддржана од принципи на ризик што мора да се земат во предвид при одлучување за изведување на деловен предлог/можност. **Главни принципи на стратегијата за управување со ризик на НЛБ Банка АД Скопје** се следните:<br>• главните принципи на стратегијата за управување со ризик се утврдуваат со ограничувањата и целите на Апетитот за ризик на Банката;<br>• вклучување на проценката на деловни одлуки и ризик вклучувајќи ја перспективата на ESG ризиците во процесот на донесување на одлуки за стратешки и оперативни нивоа со цел обезбедување на проактивна поддршка за информирано донесување на одлуки;<br>• фокусирање на разновидноста на ризикот со цел да се одбегне голема концентрација на нивото на портфолиото;<br>• обезбедување на оптимална употреба на капиталот и негова распределба меѓу деловните сегменти/организациони единици;<br>• обезбедување на соодветно прилагодено поставување на цените на ризикот;<br>• обезбедување на сеопфатна усогласеност со интерните политики/правила и релевантната регулатива;<br>адекватен систем на внатрешни контроли врз основа на рамката “три линии на одбрана”.<br><br>**Кредитниот ризик** претставува материјално најзначаен ризик на кој е изложена Банката и се фокусира кон преземање на умерени ризици и обезбедување оптимален поврат во однос на преземените ризици. Со цел да се задржи среднорочната и долгорочната одржливост на работењето, Банката одржува избалансиран вкупен ризичен профил (retail и корпоративни клиенти), со **умерен cost of risk и ризик за концентрација** (концентрација на индустрија, концентрација на клиент), настојувајќи да не биде изложена на прекумерен ризик.<br>Согласно Апетитот за ризик, во сегментот на работење со големи, средни и мали претријатија се потенцира просечно преземање на кредитен ризик и обезбедување на отпимизирана профитабилност која подлежи на ризик. Поради просечни ризици и ниски потреби од покритие со капитал, сегментот retail придонесува кон профитабилност на работењето на НЛБ Банка. Целни сегменти од перспектива на кредитоспособноста на клиентот се само клиенти со рејтинг од А и Б, согласно Политиката за кредитирање. Во врска со нови зделки НЛБ Банка има намера да постигне најмалку минимален поврат на капитал кој подлежи на ризик (во врска исто така и со насоките на Европската комисија). Во насока на намалување на изложеноста на кредитен ризик Банката утврдува лимити на изложеност по: дејности, пазарни сегменти, географска изложеност и поединечни кредитни продукти, по пооделни типови на обезбедување и др.<br>Материјално значајните клиенти на НЛБ Групацијата се оценувани на ниво на Групацијата, во согласност со стандардите на ниво на НЛБ Групацијата.<br>Покриеноста на пласманите со издвоените резервации се одржува на задоволително ниво.<br>Според Апетитот за ризик на Банката, <u>толеранцијата кон ликвидносниот ризик е ниска</u>. Затоа Банката одржува задоволително ниво на ликвидносни резерви и добро диверзифицирани извори за финансирање. Банката мора да има соодветно ниво на ликвидносни резерви за да ги покрие доспеаните и потенцијалните обврски и истите треба да бидат достапни во многу краток временски период. |

| | |
|---|---|
| | Деловните активности на Банката, во доменот на управување со ликвидносниот ризик, се насочени кон:<br>• одржување на стабилно ниво на ликвидност обезбедувајќи редовно подмирување на сите доспеани обврски на Банката;<br>• одржување на показателот кредити во небанкарскиот сектор во однос на депозити во небанкарскиот сектор до максимум 105%;<br>• одржување на исполнување на показателот за ликвидност – Стапка на покриеност со ликвидност согласно Одлука за методологијата за управување со ликвидносниот ризик на НБРСМ;<br>• одржување на исполнувањето на стресните показателите - liquidity coverage ratio и NSFR - net stable funding ratio на ниво поголемо или еднакво од 100%. Целната вредност на LCR показателот е минимум 130%, додека NSFR показателот има целна вредност е минимум 120%.<br><br>Земајќи го предвид ризичниот апетит, во областа на **валутниот ризик** Банката цели кон умерена толеранција на изложеност. Управувањето со валутен ризик се врши во рамките на утврдените интерни лимити. Сепак, индексацијата на кредитните пласмани со валутни клаузули соодветни на изворите Банката го дефинира како индиректен кредитен ризик при промена на цените на валутите, поради што овој вид ризик кај клиентите се оценува интегрално со кредитниот ризик. При управување со валутен ризик, главна странска валута е еврото, додека движењето на отворената девизна позиција е дозволено во рамките на утврдените лимити.<br><br>При управувањето со **каматен ризик,** Банката се стреми кон минимизирање на потенцијалното негативно влијание кое произлегува од потенцијалната промена на каматните стапки врз износот на нето каматните приходи и минимизирање на негативните ефекти од вреднувањето на финансиските инструменти врз капиталот на Банката. Во таа насока дефинирана е умерена толеранција на Банката кон овој ризик. Управувањето со каматен ризик опфаќа:<br>• следење на утврдените лимити по каматни гапови и преземање активни мерки при нивно приближување;<br>• движење во насока на намалување на отворените каматни гапови кај долгите рокови и одржување на низок профил на изложеност на каматен ризик;<br>• следење на каматни криви на домашен и странски пазар и активно и превентивно прилагодување на каматните стапки.<br><br>**Credit spread ризикот** произлегува од вложувањето во должнички хартии од вредност, кои ги сочинуваат резервите на ликвидност на Банката. За одржување на силна ликвидносна позиција, должничките хартии од вредност мора да бидат високо квалитетни и добро диверзифицирани. Во таа насока дефинирана е умерена толеранција на Банката за Credit spread ризикот.<br><br>При преземање на **оперативен ризик**, Банката се води по тоа дека ваков ризик не смее значајно да влијае врз работењето, поради што ризичниот апетит**за оперативни ризици е умерен**.. Банката во моментов сеуште има просечна сложеност во работењето. Целта на управувањето со оперативниот ризик е да се ограничи обемот на потенцијалните загуби и веројатноста за нивно настанување на ниво кое што е прифатливо за Банката од аспект на финансиска загуба и индиректно, од аспект на одржување на репутацијата на Банката. Активностите на подрачјето на управување со **оперативниот ризик** се однесуваат на:<br>• Одржување на низок профил на оперативен ризик со Ц приоритет;<br>• Имплементација на дополнителни контроли и мерки за справување со ризиците оценети со А и Б ризичен приоритет;<br>• Активно управување со големите ризици во Банката, преку преземање на мерки за нивно намалување<br>• Активно справување и преземање на системски мерки за потенцијалните и отворените штетни настани. |

Банката врши редовна процена на останатите ризици во рамките на ICAAP процесот каде се дефинираат, следат и евалуираат овие релевантни ризици. Толеранцијата за **сите други видови ризици** (на пример, деловен ризик, ризик за профитабилност и политички ризик) е умерена, со фокус на минимизирање на нивните можни влијанија врз работењето на Банката. Следењето, мерењето и управувањето со некредитни ризици (правен ризик, репутациски ризик, стратегиски ризик, ризик од инвестиции во хартии од вредност и други видови на некредитни ризици) се унапредува преку заедничките активности на ниво на НЛБ Групацијата и целосна имплементација на стандардите на ниво на НЛБ Групацијата. Банката годишно ги ревидира некредитните ризици и ја проценува нивната важност за Банката. Согласно проценката Банката врши следење и мерење на материјално значајните ризици. Овие активности на Банката и овозможуваат повисоко ниво на наплата на своите пласмани, заштита од непредвидливи настани и можни закани за неуспех во реализирањето на планираната политика.

Спроведувањето на Стратегијата за управување со ризиците се врши преку:
- дефинирање на систем за управување со ризиците;
- дефинирање на поодделните видови на ризици;
- изготвување на политики и процедури за управување со ризиците.

За спроведување на Стратегијата за управување со ризиците, Банката:
- воспоставува правила за управување со ризиците;
- воспоставува соодветна организациска структура со јасно дефинирани надлежности и одговорности при преземањето и управувањето со ризиците;
- воспоставува ефикасен информативен систем;
- воспоставува механизам кој обезбедува можност за редовно ревидирање на системите, политиките и процедурите за управување со ризиците;
- воспоставува соодветен систем на внатрешна контрола и соодветност на внатрешната ревизија.

Системот за управување со ризици во Банката го опфаќа управувањето со:
- кредитен ризик, вклучувајќи го и ризикот на земјата;
- ликвидносен ризик;
- валутен ризик;
- пазарен ризик;
- ризик од промена на каматните стапки;
- ризик од концентрација на изложеноста на банката;
- оперативен ризик, вклучувајќи го и правниот ризик.
- и други материјални ризици на кои е изложена банката во своето работење (репутациски, стратегиски ризик, ризик на профитабилноста, ризик на капиталот и други видови на ризици).

Банката има изготвено пооделни политики за управување со конкретниот вид на ризик. Поодделните политики за управување со ризици содржат:

- оценка на капацитетот на Банката за преземање одделни ризици,
- оценка на нејзиниот профил на ризичност,
- организациска поставеност на функцијата за управување со ризиците,
- основни елементи на управувањето со ризиците,
- прифатливи инструменти за заштита од или намалување на ризиците,
- внатрешната контрола и основни елементи на процесот на интерно утврдување и
- оценка на потребната адекватност на капиталот на Банката.

Составен дел на секоја Политика се и соодветните процедури кои треба:

- да овозможат навремено и сеопфатно идентификување на ризиците;
- да се засноваат врз квантитативни и/или квалитативни оценки за мерливите и немерливите ризици;

- да вклучуваат правила, начини и постапки за намалување, диверзификација, трансфер и избегнување на ризиците, кои се идентификувани, мерени и оценети од страна на Банката;
- да ги дефинираат фреквенцијата и методите за следење на ризиците.

Заради оценка на потенцијалното влијание на еден или повеќе внатрешни или надворешни фактори на ризик врз вредноста на средствата и обврските на Банката, односно врз нивото на сопствените средства и адекватноста на капитал, Банката, полугодишно, врши стрес-тестирање. Банката преку Процедури го дефинира начинот на вршење на стрес-тестирање, како и претпоставките врз кои се темели тоа тестирање.

Еднаш годишно, согласно Методологијата и процесот на утврдување на интерен капитал, Банката врши оценка на профилот на ризичност согласно Процесот на утврдување на интерен капитал (ICAAP/ПИК), а по потреба врши квартално ревидирање.

НЛБ Банка АД Скопје поставува здрави практики за ефикасно управување со ризиците, вклучувајќи и јасни линии на одговорност за преземање и управување со ризици. Управувањето со ризиците се однесува на улогите и одговорностите на телата за одлучување поврзани со управување на ризик, функцијата на управување со ризик и независната проценка на рамката за управување со ризик. Процесите на управување со Банката се дизајнирани така да делуваат против ерозија на практиките за управување со ризик преку промена на деловното и економското опкружување.

Управувањето со ризиците се состои од јасна организациска структура и ефикасен систем на внатрешна контрола во согласност со локалните регулативи за правила за добро корпоративно управување. Банката има воспоставена организациска структура, која се темели врр концепт на три линии на одбрана, што обезбедува јасно дефинирани надлежности и одговорности помеѓу лицата и организационите единици кои вршат активности за преземање на ризик, од една страна, и лицата и организационите единици кои вршат управување со ризик, од друга. Организациската структура е создадена со цел да се спречи конфликт на интереси и да се обезбеди транспарентен и докумнетиран процес на донесување на одлуки. Организационите единици вклучени во управувањето со рисикот се прикажани во табелата подолу:




**Организационата структура** на Банката е систем на организациони делови кои според обемот на своите компетенции и хиерархиска положба, се распоредени во три основни организациони нивоа и тоа на:

1. Стратегиско организационо ниво

2. Тактичко организационо ниво

3. Оперативно организационо ниво

Јасно се дефинирани надлежностите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Управниот одбор на Банката и другите тела што донесуваат одлуки во управувањето со ризиците, како и нивната соработка и размена на информации во управувањето со ризиците. Покрај тоа, Банката назначи член на Управниот одбор одговорен за следење на извршувањето на функцијата управување со ризици (Главен директор за управување со ризик – CRO). Членот на Управниот одбор одговорен за управување со ризик е целосно независен во следењето на ефикасноста на функцијата за управување со ризик и не е директно одговорен за активностите што претставуваат преземање на ризик. Ова лице има пристап до сите информации потребно за ефикасно извршување на своите должности.

**Надзорниот одбор** на Банката ги спроведува, во најмала рака, следниве активности:

- ја одобрува Стратегијата за управување со ризици и ја следи нејзината имплементација;
- ги одобрува политиките поврзани со ризикот и го следи нивното извршување;
- најмалку еднаш годишно ја проценува усогласеноста на испорачаната стратегија и активностите на Банкта и надворешното опкружување;
- ги разгледува извештаите за профилот на ризик на Банката;
- ги одобрува границите на изложеност на поедини типови на ризик;
- обезбедува услови и ја следи ефикасноста на внатрешната контрола, како компонента на системот за управување со ризик;
- одобрува воведување на нови производи кои имаат значително влијание врз профилот на ризик на Банката;
- други активности.

**Одборот за управување со ризици** ги спроведува, во најмала рака, следниве активности:

- воспоставува и спроведува Стратегија за управување со ризици;
- воспоставува и спроведува политики поврзани со ризик;
- имплементира и спроведува политики поврзани со ризик и дава предлози за нивна ревизија;
- имплементира процедури и методологии за стрес-тест;
- имплементира политика за употреба на услуги обезбедени од надворешни субјекти;
- редовно го проценува системот за управување со ризик;
- врши анализа на извештаите за изложеноста на Банката на поедини ризици, како и на извештаите за профилот на ризик на Банката;
- ги дефинира и редовно ги ревидира ограничувањата на изложеност на одредени типови на ризик;
- ги дефинира можните исклучоци во однос на дефинираните ограничувања и ја распоредува одговорноста за одлучување за примена на таквите исклучоци;
- други активности.

**Управниот одбор** ги спроведува, во најмала рака, следниве активности:

- утврдува и спроведува соодветни процедури за идентификација, мерење или проценка, следење, контрола или намалување на ризиците;
- го дефинира и одобрува Правилникот за овластувања и потпишување во Банката;
- воспоставува информативен систем, како и систем наменет за известување до Управниот одбор и Одборот за управување со ризици во врска со можно надминување на пропишаните ограничувања на изложеност на поедини ризици;
- обезбедува услови за ефикасно извршување на процесот на управување со ризик, вклучувајќи соодветна и навремена информација за сите вработени во Банката кои учествуваат во процесот на управување со одредени ризици;
- воспоставува постапка за воведување на нов производ или систем во Банката;
- воспоставува процедури за користење услуги од надворешни субјекти;

- други активности.

Секторот за ризици, евалуација и контрола(СРЕК) е организациона единица одговорна за управување со ризик. Банката обезбеди независност и соодветна организација на RECD(СРЕК), што овозможува негово учество во донесување одлуки за управување со ризик, пристап до вработените и телата на Банката и добивање на сите потребни информации за ефективно исполнување на своите одговорности. Функцијата за управување со ризици ја вршат лица кои имаат адекватно знаење во областа на преземање и управување со ризици, како и знаење за производи и услуги што ги нуди Банката и пазарот на кои тие се нудат.

**СРЕК** ги извршува следниве активности и процеси за управување со ризик:

- идентификација, мерење или процена, контрола или ублажување и следење на сите ризици во рамките на нивната надлежност;
- имплементација на политики и интерни акти за идентификација, мерење или процена, контрола или ублажување и следење на ризиците;
- редовно следење на интерните ограничувања, како и регулаторните и надзорните ограничувања на изложеност;
- утврдување и редовна ревизија на профилот на ризик на Банката според капацитетот на ризик и апетитот на ризик;
- утврдување на нивото на вкупниот интерен капитал за покривање на ризикот и интерната ликвидност;
- разгледување на резултатите од извршеното стрес-тестирање;
- редовно известување до Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и другите тела кои донесуваат одлуки за изложеноста на Банката на поедини ризици и за резултатите од извршеното стрес-тестирање;
- следење на усогласеноста на одлуките донесени од организационите единици одговорни за преземање на ризик со апетитот на ризик и известување до Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за управување со ризици;
- следење на воспоставените квалитативни и квантитативни индикатори и нивните прагови;
- следење на активаторите за рано предупредување;
- предлагање на мерки за подобрување на системот за управување со ризик;
- независна проценка на причините за неусогласеност со политиките, процедурите или дефинираните интерни ограничувања, предлагање мерки за елиминирање на причините за неусогласеност и обезбедување, соодветно известување до одговорните лиза на организационите единици кои преземаат ризици, како и на Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за управување со ризици.

**Секторот за внатрешна ревизија** има значајна улога во управувањето со ризиците. Секторот за внатрешна ревизија е независна организациона единица која директно поднесува извештаи до Надзорниот одбор и спроведува независни ревизии во Банката. Според Планот за ревизија, Внатрешна ревизија обезбедува независно мислење и совети до Надзорниот и Управниот одбор во врска со управувањето со организацијата, адекватноста и ефикасноста на системот за внатрешна контрола, функционирањето на системот за управување со ризици и сообразноста со важечкото законодавство и прописите, како и интерните регулативи за регулирање на работењето на областите што се предмет на ревизија.

Покрај тоа, функцијата на усогласеност има важна улога во усогласувањето и спроведувањето на контрола на ризикот. **Центарот за усогласување со прописите и интегритет** има за цел да спречи каква било намерна или ненамерна неусогласеност со важечкото законодавство, стандарди, кодекси и интерни правила. Покрај тоа, Центарот за усогласување со прописите и интегритет обезбедува гаранција за законитост при работењето, преку независно следење, контрола, проценка и известување за изложеноста на Банката на ризици кои произлегуваат од неусогласеност со законските регулативи, ризици кои се должат на перење пари (спречување на перење на пари) и сообразност со прописите за информативна сигурност и заштита на лични податоци. Службата за

усогласување со прописите и информативна сигурност е одговорна за Планот на континуитет на работењето на Банката.

## Дефиниција на поединечните ризици:

Банката ги распоредува ризиците во **6 основни ризични категории,** поделени во подкатегории, со цел да се идентификува/анализира секоја категорија на ризик со соодветна деталност. Основни ризични категории се: **кредитен ризик, каматен ризик, пазарен ризик, ликвидносен ризик, оперативен ризик и останати ризици:**

| Категорија на ризик | Под-категорија на ризик | Дефиниција |
|---|---|---|
| **Кредитен ризик** | Ризик од неисполнување на обврски | Ризик дека заемопримачот нема да ги плати своите обврски; жирант нема да ја испочитува неговата гаранција. |
| | Миграциски ризик | Ризик од влошување на кредитниот рејтинг. |
| | Ризик од концентрација (индустрија) | Ризик од загуби поради концентрација на заеми кон поединечни клиенти или договорни страни, група на поврзани договорни страни и сектори или индустрии. |
| | Ризик од концентрација (клиент) | Ризик од загуби поради концентрација на заеми кон поединечни клиенти или договорни страни, група на поврзани договорни страни и сектори или индустрии. |
| | Ризик на обезбедување - цена | Ризик од загуби поради намалување на вредноста на обезбедувањето. |
| | Ризик од кредитирање во странска валута | Ризик дека заемопримачот нема да биде во можност да ги плати своите обврски поради негативни курсни разлики. |
| | Ризик на земја | Ризик од инвестирање или кредитирање на дадена држава, кој произлегува од можните промени во деловното окружување што можат негативно да влијаат на профитот од работењето или вредноста на средствата во дадената државата. Факторите кои се специфични за една држава можат негативно да влијаат на способноста на должникот да ги подмири своите финансиски обврски. |
| | Ризик од неисполнување на обврски што произлегува од ризиците поврзани со климата и животната средина | Ризик од неисполнување на обврски што произлегува од ризиците поврзани со климата и животната средина |
| | Ризик од вредноста на колатералот (цена) што произлегува од ризиците поврзани со климата и животната средина | Ризик од вредноста на колатералот (цена) што произлегува од ризиците поврзани со климата и животната средина |
| **Ризик од каматни стапки во банкарските книги** | Каматен ризик – EvE перспектива | Ризик од загуби на акционерска вредност од економска перспектива. |
| | Каматен ризик – EaR перспектива | Ризик од загуба на нето приходи од камати. |
| **Пазарен ризик** | “Credit spread” ризик | Ризик што произлегува од промените во пазарната вредност на должничките финансиски инструменти заради флуктуации во нивната маргина. |

| | | |
|---|---|---|
| | Валутен ризик | Ризик од загуби кој произлегува од негативни движења во девизниот курс. |
| **Ликвидносен ризик** | Ризик од финансирање | Ризик од загуби поради неможност за подмирување на обврските |
| | Интрадневен ликвидносен ризик | Интрадневниот ликвидносен ризик е капацитетот потребен во текот на работниот ден за да им се овозможи на финансиските институции да вршат плаќања и да ги подмират обврските. |
| | Пазарен ликвидносен ризик | Ризик од загуби поради промени во пазарната вредност на ликвидносните резерви. |
| | Ризик од концентрација во ликвидносните резерви (портфолио на обврзници за книговодствена книшка). | Ризик од загуби поради концентрација на изложеност кон поединечен издавач. |
| | Ризик за ликвидност на пазарот што произлегува од ризиците поврзани со климата и животната средина | Ризик за ликвидност на пазарот што произлегува од ризиците поврзани со климата и животната средина |
| | Ризик од финансирање што произлегува од ризиците поврзани со климата и животната средина | Ризик од финансирање што произлегува од ризиците поврзани со климата и животната средина |
| | | |
| **Оперативен ризик** | Ризик од надворешни и внатрешни измами | Ризик од загуби поради дејствија од типот наменет за измама, злоупотреба на имот или заобиколување на законот. Ризик од загуби кои произлегуваат од прекршоци, злоупотреба на доверливи информации, несоодветна пазарна пракса, пазарна манипулација, агресивна продажба, инсајдерско тргување, оштетување на физички средства од природна катастрофа или други настани. Ризик од нарушување или откривање на доверливи, чувствителни или приватни информации. Ризик од технолошки слабости и прекршувања на безбедноста, кои вклучуваат хакерство, фишинг, напади на одбивање на услуга, создавање и дистрибуција на малициозен софтвер, неовластен пристап до податоци, корупција или бришење на податоци и следење на податоци. ИТ прекини. Ризик од судски постапки кои произлегуваат од договори и прекршувања на законите |
| | Ризик од човечки грешки | |
| | Ризик од недостатоци и проблеми со системот за плаќање | |
| | ИТ и сајбер ризик | |
| | Сложени процедури и процеси | |
| | Ризик од кражба | |
| | Правен ризик | |
| | ИТ ризик што произлегува од ризиците поврзани со климата и животната средина | |
| **Останати ризици** | Стратегиски ризик | Ризик од загуба кој произлегува од неправилни стратегиски одлуки, неправилна имплементација на деловните одлуки и слаба реакција на промените на деловното окружување. |
| | Репутациски ризик | Ризик од загуба кој произлегува од негативната перцепција за банката од страна на клиентите, деловните партнери, сопствениците, инвеститорите и надлежните супервизори. Овој ризик може да се реализира преку правни спорови, намалување во бројот на клиенти, жалби и негативни реакции на клиентите и финансиска загуба. |

| | | |
|---|---|---|
| | Ризик на профитабилност-маргини | Ризик од загуба кој произлегува од неадекватен состав и диверзификација на приходите и од неспособноста на банката да обезбеди адекватно и одржливо ниво на профитабилност. |
| | Политички ризик | Ризик од политичка нестабилност |
| | Ризик од усогласеност со регулатива | Ризик од неуспехот да се развијат мерки за да се избегне злоупотребата на доверената моќ или позиција, примање или нудење на непотребна награда за добивка на приватни или трети страни. Ризик од неуспехот да се развие и администрира ефикасна програма за спречување на перење пари. Ризик од неисполнување на корпоративните одбранбени ризици во однос на правната, безбедноста, издржливоста, усогласеноста и ревизијата. |
| | Ризик од управување со човечки ресурси | Ризик од управување со човечки ресурси (висока флуктуација на човечки ресурси) |
| | Ризик од исполнување на проекти | Ризик од неисполнување на планираните цели |
| | Репутациски ризик кој произлегува од потенцијално доцнење во барањата за имплементација на ЕСГ | Репутациски ризик кој произлегува од потенцијално доцнење во барањата за имплементација на Еколошките, социјалните и ризиците од управувањето (ESG) |
| | Ризик од усогласеност со регулатива кој произлегува од ризиците поврзани со климата и животната средина | Ризик од усогласеност со регулатива кој произлегува од ризиците поврзани со климата и животната средина |

| **4.1. Податоци за управување со оперативен ризик** | |
|---|---|
| **Основни податоци за пристапот кој Банката го користи за пресметка на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик** | Согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот усвоена од НБРСМ, Банката, врши пресметка на капиталното барање за оперативен ризик, со примена на стандардизираниот пристап. Методот за пресметка е дефиниран во Методологијата за утврдување на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик со примена на стандардизираниот пристап и распоредување на сметките по позиции и деловни линии, која е подготвена врз основа на законските одредби и препораки од НБРСМ и земајќи ги во предвид препораките на добра пракса. |

| **4.2. Податоци за управување со кредитен ризик** | |
|---|---|
| **Опис на политиката за вршење исправка на вредноста и за издвојување посебна резерва** | Predloga za oblikovanje navadnih dokumentov (nlb.mk)<br><br>Белешка бр.1.2; стр. 22 до 28 (според PDF документот) |
| **Износ на изложеноста на кредитниот ризик, пред и по извршената исправка на** | Predloga za oblikovanje navadnih dokumentov (nlb.mk)<br><br>Табела 2.1 А – Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик, стр.74 (според PDF документот) |

| | |
|---|---|
| **вредноста, односно по издвоената посебна резерва** | |
| **Просечна изложеност на кредитен ризик со состојба 31.12.2023 и изложеноста по одделни категории на ризик** | Predloga za oblikovanje navadnih dokumentov (nlb.mk)<br><br>Табела 2.1 А – Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик, стр.74 (според PDF документот) |
| **Износ на достасани кредити со состојба на 31.12.2023** | Редовна достасана главница 137.819 илјади МКД |
| **Износ на изложеностите на кредитен ризик за кои е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва** | Predloga za oblikovanje navadnih dokumentov (nlb.mk)<br><br>Табела 2.1 А – Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик, стр.74 (според PDF документот) |
| **Географска дистрибуција на изложеноста на кредитен ризик- РМ, земјите-членки на ЕУ, останатите земји во Европа, земјите-членки на ОЕЦД (со исклучок на земјите од Европа), останати земји** | Predloga za oblikovanje navadnih dokumentov (nlb.mk)<br><br>Табела 2.1 Г– Концентрација на кредитниот ризик по<br>по географска локација, стр.77 (според PDF документот) |
| **Секторска дистрибуција на изложеноста на кредитен ризик – изложеност кон банки, други** | Predloga za oblikovanje navadnih dokumentov (nlb.mk)<br><br>Табела 22.1 Кредити на и побарувања од банки и 22.2 Кредити на и побарувања од други комитенти, од стр. 114 до стр.115 (според PDF документот) |

| | |
|---|---|
| **финансиски институции, нефинансиски институции, домаќинства, држава, непрофитни институции кои им служат на домаќинствата, нерезиденти** | |
| **Резидуална договорна рочна структура на изложеноста на кредитен ризик (со рок на достасување до и над една година** | Predloga za oblikovanje navadnih dokumentov (nlb.mk)<br><br>Табела 2.2 Ризик на ликвидност<br>Анализа според достасаноста на финансиските средства и обврски (преостанатата рочност) стр.78 (според PDF документот) |
| **Структура на изложеноста на кредитен ризик по дејности** | Predloga za oblikovanje navadnih dokumentov (nlb.mk)<br><br>Табела 2.1 В – Концентрација на кредитниот ризик по сектори и дејности, стр.76 (според PDF документот) |
| **Најголема изложеност кон одделна дејност во однос на кредитниот ризик односно:**<br>- **Износ на достасаните кредити**<br>- **Износ на изложеноста за која е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва**<br>- **Износ на извршената исправка на вредноста, односно** | Predloga za oblikovanje navadnih dokumentov (nlb.mk)<br><br>Табела 2.1 В – Концентрација на кредитниот ризик по сектори и дејности, стр.76 (според PDF документот)<br><br>Табела 2.1 В.xlsx |

| | |
|---|---|
| **издвоенат<br>а посебна<br>резерва за<br>идентифик<br>уваните<br>кредитни<br>загуби од<br>изложенос<br>та кон<br>дејноста** | |
| **Износ на преструктурираните побарувања согласно со Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните а ненаплатени побарувања на Банката** | Износот на реструктурирани побарувања по кредити по главен долг за Физички лица на 31.12.2023 изнесува 106.468 илјади МКД.<br><br>Износот на реструктурирани побарувања по кредити по главен долг за Правни лица на ден 31.12.2023 изнесува 1.110.112 илјади МКД. |
| **Движење на исправката на вредност односно издвоената посебна резерва во текот на периодот со состојба на 31.12.2023, односно:**<br>**- Состојба на почетокот на периодот**<br>**- Извршена дополнителна исправка на вредноста, односно издвоена посебна резерва**<br>**- Ослободување на** | https://nlb.mk/cms/TinyMCE/FileManager/4.%20%D0%A4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D0%B8%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%9D%D0%9B%D0%91%20%D0%91%D0%B0%D0%BD%D0%BA%D0%B0%20%D0%90%D0%94%20%D0%A1%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5,%20%D0%B8%D0%B7%D0%B3%D0%BE%D1%82%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B8%20%D0%B2%D0%BE%20%D1%81%D0%BE%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%20%D1%81%D0%BE%20%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D1%80%D0%B5%D0%B3%D1%83%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%202023%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B011.pdf<br><br>Белешка 12 Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност, на нето-основа, стр.103<br>(според документот)<br>Белешка 38 Посебна резерва и резервирања, стр.138 |

| | |
|---|---|
| исправката на вредноста, односно на посебната резерва<br>- Отписи во текот на периодот<br>- Состојба на крајот на периодот | |
| **4.3. Податоци за ризик кој произлегува од капиталните вложувања (стекнување капитални делови) на Банката, кои не се дел од портфолиото за тргување** | |
| **Краток опис на политиката на Банката за сметководствено вреднување на капиталните вложувања со состојба на 31.12.2023** | Сметководствената политика за Вложувања во сопственички инструменти расположливи за продажба<br><br>https://nlb.mk/cms/TinyMCE/FileManager/4.%20%D0%A4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D0%B8%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%9D%D0%9B%D0%91%20%D0%91%D0%B0%D0%BD%D0%BA%D0%B0%20%D0%90%D0%94%20%D0%A1%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5,%20%D0%B8%D0%B7%D0%B3%D0%BE%D1%82%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B8%20%D0%B2%D0%BE%20%D1%81%D0%BE%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%20%D1%81%D0%BE%20%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D1%80%D0%B5%D0%B3%D1%83%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%202023%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B011.pdf<br><br>Белешка 1.8 Вложувања во сопственички инструменти расположливи за продажба, стр. 32<br><br>***Признавање***<br><br>Банката сопственичките хартии од вредност ги признава како средства во билансот на состојба на датумот на тргување.<br>Одбраната метода за признавање треба да се применува конзистентно за сите набавки и продажби коишто припаѓаат на иста категорија на сопственички хартии од вредност.<br><br>***Вреднување***<br><br>Почетното мерење на вложувањата во сопственички хартии од вредност се врши според нивната набавна вредност (трошоците на вложувањето). Трансакциските трошоци се вклучуваат во почетното мерење на вложувањата.<br><br>***Последователно мерење***<br><br>• ***кај вложувања помалку од 20%***<br><br>Сметководствениот третман на вложувањето кое овозможува помалку од 20% од управувачката моќ на претпријатието каде е вложено е според објективна вредност и се |

| | |
|---|---|
| | применуваат сите политики за вложувања според Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи на Народна Банка на Република Северна Македонија. Овие вложувања Банката ги класифицира во категорија финансиски средства расположливи за продажба. Сопственичките инструменти (без фиксно достасување) не смеат да бидат класифицирани како финансиски средства кои се чуваат до достасување. За вложувањата во сопственички инструменти на одредени специфични институции (како КИБС, SWIFT и сл.), за коишто нема активен пазар и чиешто поседување е утврдено со закон и/или е поврзано со можноста за користење на услугите коишто ги вршат овие институции, се смета дека нивната набавна вредност ја одразува нивната објективна вредност.<br><br>Промената во објективната вредност на сопственичките хартии од вредност се евидентира на ревалоризациски резерви. При нивното депризнавање состојбата на сметката за ревалоризациони резерви Банката ќе ја прекниже на сметките за задржана добивка/акумулирани загуби. |
| **Износ на капиталните вложувања и нивната класификација според видот, т.е. според тоа дали се работи за вложувања во сопственички хартии од вредност за кои постои активен пазар или за вложувања во сопственички хартии од вредност за кои не постои активен пазар со состојба на 31.12.2023** | Состојбата на капитални вложувања за кои не постои активен пазар се состои од влогови кај следните правни лица:<br>- Клириншка Куќа - Клириншки Интербанкарски системи АД Скопје – 32.145.000,00 МКД<br>- Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје – 4.878.000,00 МКД<br>- Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје – 10.772.900,00 МКД<br>- S.W.I.F.T. – 2.863.207,00 МКД<br>- VISA INC. – 92.323.233,00 МКД |
| **Секторска структура на капиталните вложувања (капитални вложувања во банки, други финансиски институции, нефинансиск и институции, нерезиденти)** | Капитални вложувања во други финансиски институции:<br>- Клириншка Куќа - Клириншки Интербанкарски системи АД - Скопје<br>- Централен депозитар за хартии од вредност АД - Скопје<br>- Македонска берза на хартии од вредност АД - Скопје<br><br>Капитални вложувања во нерезиденти:<br>- S.W.I.F.T.<br>- VISA INC |

| | |
|---|---|
| **со состојба на 31.12.2023** | |
| **Кумулативен износ на реализирани добивки (загуби) кои произлегуваат од отуѓувањето на вложувањата со состојба на 31.12.2023** | 0,00 МКД |
| **Вкупен износ на нереализарни добивки (загуби) од капиталните вложувања со состојба на 31.12.2023** | 108.228 илјади МКД |